Централна кооперативна банка АД Скопје

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за работењето на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје во 2020 година**

Скопје,
март, 2021 год.

Врз основа на глава X, точка 60 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка на Народната банка на Република Северна Македонија и член 59, став 1, точка 15 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Надзорниот одбор до Собранието на акционерите на Банката го доставува следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2020 ГОДИНА

**Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје** претставува самостоен и независен орган кој своите надлежности ги извршува согласно со законските прописи, Статутот на ЦКБ АД Скопје и Кодексот за корпоративно управување. Надзорниот одбор ги усвојува деловната политика и Развојниот план на Банката и го следи нивното спроведување, ги одобрува и донесува политиките за вршење финансиски активности и го надгледува нивното спроведување, ги одобрува и ги донесува плановите, програмите и другите општи акти врз основа на кои работи Банката, постојано го следи нејзиното работење, ги следи и ги анализира извештаите на супервизорската контрола над ЦКБ АД Скопје и други извештаи од Народната банка на РСМ и презема други мерки за усогласување и работење на Банката согласно со законските и подзаконските прописи. Одговорен е да обезбеди добро работење, управување и стабилност на ЦКБ АД Скопје, како и навремено и точно финансиско известување на надлежните институции.

Во рамките на овие надлежности, Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје во текот на 2020 година работеше со стремеж за добро работење, управување и стабилност на Банката, навремено и точно известување на Народната банка на Република Северна Македонија, квалитетно и континуирано управување со пазарните ризици, планирање нови и развој на постоечки производи и услуги на пазарот, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива, заштита на информативниот систем, усогласување на каматните стапки и тарифата со општите услови на пазарот. Работата беше ориентирана кон остварување на целите за зголемување и подобрување на квалитетот на кредитното портфолио, вршење ефикасна контрола врз процесите на работа, минимизирање на оперативните ризици, постигнување определени финансиски и организациски резултати.

Активностите генерално беа насочени Банката да биде сигурен и конструктивен партнер на секој нејзин клиент. Дејностите беа ориентирани кон остварување на нејзината мисија - да креира трајни врски со клиентите и подлабоко да навлезе на македонскиот пазар преку финансирање мали и средни претпријатија и физички лица, како и понуда на современи финансиски услуги кои ги исполнуваат највисоките професионални стандарди, притоа стремејќи се да одржува позитивна и стимулативна работна атмосфера и да ги поттикнува иницијативите и да ги наградува реалните резултати и успеси.

Работењето на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје во текот на 2020 година се одвиваше во услови коишто се последица на ширењето на корона-вирусот SARS-CoV-2. Надзорниот одбор во текот на 2020 година беше ориентиран кон остварување на основните стратешки цели, и тоа: одржување во групата на средни банки во банкарскиот сектор на Република Северна Македонија, на најефикасен начин да обезбеди висококвалитетни производи и услуги во пресрет на потребите на клиентите и да оствари позитивна стапка на поврат на капиталот и задоволителен принос на акционерите на Банката.

Централна кооперативна банка во текот на 2020 година настојуваше:

- да има одржлив раст на кредитите и да ја зајакне својата пазарна позиција во националната економија;
- да дефинира политики и процедури за усогласување на работењето со најдобрите меѓународни практики и закони;
- да одржува висок квалитет на кредитното портфолио и задоволително ниво на покриеност со резервации;
- одржување стабилно депозитно јадро и висок степен на ликвидност, и

- одржување на ризичните позиции во рамките на лимитите утврдени од страна на Народната банка на РСМ, како и во рамките на интерните лимити.

Со цел подобрување на севкупната финансиска позиција на Банката, Надзорниот одбор донесе бројни одлуки, меѓу кои и одлуки од доменот на кредитирањето, односно вршеше измени и дополнувања на параметрите на постоечките продукти во насока на подобрување на условите за клиентите.

Надзорниот одбор на своите седници полноправно одлучуваше согласно со законските и подзаконските прописи, Статутот на Банката и Деловникот за работа на Надзорниот одбор, одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови.

Во 2020 година, Надзорниот одбор одговорно ги вршеше своите активности во насока на обезбедување добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка на РСМ.

Надзорниот одбор како орган на Централна кооперативна банка АД Скопје е именуван од страна на Собранието на акционерите, по добивање претходна согласност од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

На седницата на Вонредното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, одржана на 28.2.2020 година, се донесе Одлука за повторно именување на лицето Љубен Нанов за независен член на Надзорниот одбор, со оглед на истекувањето на неговиот мандат. Истиот беше именуван со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

Потоа Надзорниот одбор продолжи да работи во состав од 5 (пет) члена, и тоа:

- Тихомир Ангелов Атанасов – претседател – со мандат до 31.7.2022 г.;
- Георги Димитров Константинов – заменик-претседател – со мандат до 31.7.2022 г.;
- Христо Георгиев Христов - член – со мандат до 31.7.2022 г.;
- Љубен Лилјанов Нанов – независен член со мандат до 4.6.2024 г., и
- Киро Костов – независен член со мандат до 25.9.2022 година.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДЗОРНАТА ФУНКЦИЈА

Во извршувањето на своите законски и статутарни надлежности, Надзорниот одбор постојано го следеше работењето на Банката и ги разгледуваше месечните извештаи на Управниот одбор за остварените финансиски резултати, ги следеше движењето на сите финансиски показатели, Билансот на состојба, Билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста, кредитното портфолио, депозитите на правни и физички лица, остварените приходи и расходи со нивната структура, сопствените средства, стапката на адекватност на капиталот, причините за промените во портфолиото и сите останати значајни прашања од работењето на Банката. Надзорниот одбор редовно соработуваше со Управниот одбор и оствaруваше постојан надзор врз работењето и органите на Банката. Ги следеше ликвидноста, ризиците, другите значајни параметри за успешно остварување на функциите на истата и квалитетот на кредитното портфолио. Во услови на пандемијата предизвикана од Ковид-19 Банката ги презеде и ги почитуваше сите пропишани мерки, согласно со донесените уредби на Владата на РСМ.

Во извештајниот период Надзорниот одбор вршеше надзор преку:

- редовно разгледување на извештаите на Управниот одбор за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје, извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката, извештаите на Одборот за управување со ризиците, на Одборот за ревизија, Службата за внатрешна ревизија, Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, Службата за спречување перење пари и финансирање тероризам, на лицето одговорно за сигурност на информативниот систем, Дирекцијата за анализа и управување со кредитниот ризик, извештаите за износ и вид на преземени средства на Банката; извештаите за одобрени исклучоци во каматни стапки при исплатени кредитни производи; кварталните извештаи за исплатени кредити коишто отстапуваат од стандардните кредитни производи,

извештаите за клиенти на Банката кај коишто е идентификувано влошување на финансиската способност; кварталните извештаи за извршени трансакции со поврзани лица;

- одобрување на изложеност кон лица од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување хартии од вредност издадени од Народната банка на РСМ;
- одобрување трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;
- анализа на кредитното портфолио на физички лица;
- усвојување на Финансискиот план на Банката, одобрување на плановите и програмите за работа и Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија;
- одобрување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Банката;
- усвојување на политиките за управување со ризиците, плановите и програмите за работа и општите интерни акти на Банката, освен актите што ги донесува Собранието на акционерите;
- разгледување на извештаите на супервизијата, други извештаи и записници, доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и преземање мерки и активности за надминување утврдени неусогласености и слабости во работењето на Банката;
- разгледување на Годишниот извештај за работењето на ЦКБ АД Скопје;
- други активности согласно со законската и подзаконската регулатива, Статутот и интерните акти на Банката.

Во периодот јануари-декември 2020 година, Надзорниот одбор во рамките на своите надлежности донесе определен број акти и ја оцени соодветноста на некои од постоечките, со кои се одобруваат деловните политики и стратегии во банкарското работење, како и други акти поврзани со работењето на Банката.

Во извествувачкиот период Надзорниот одбор работеше во услови на светска пандемија со корона-вирусот SARS-CoV-2. Истиот одржа вкупно четиринаесет седници, и тоа:

- на 27.1.2020 година, седница со физичко присуство;
- на 24.2.2020 година, седница со физичко присуство;
- на 9.3.2020 г., 30.3.2020 г., 3.4.2020 г., 28.4.2020 г., 20.5.2020 г., 29.6.2020 г. и 9.7.2020 г., седници кои се одржаа на кореспондентски начин, со писмена согласност од сите членови;
- на 29.7.2020 г., седница одржана преку видеоконференциска комуникација;
- на 26.8.2020 г., 29.9.2020 г., 29.10.2020 г. и 18.12.2020 г., седници одржани на кореспондентски начин, со писмена согласност од членовите.

Надзорниот одбор на сите свои седници одлучуваше согласно со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Статутот на Банката и Деловникот за работа на Одборот, а одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови.

Во најголемиот дел од 2020 година, Надзорниот одбор на Банката работеше во состав од пет члена. Во неговата работа континуирано учествуваа сите членови, со исклучок на оправдано отсуство на претседателот на две седници, и сите членови придонесоа за успешно извршената работа на Надзорниот одбор.

Во извествувачкиот период не е констатиран судир на интересите на кој било од членовите на Надзорниот одбор со интересот на Банката, којшто може да ја попречи или ограничи неговата способност за извршување независна и објективна оцена на решенијата предложени од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење на колективните ставови.

## ОДОБРЕНИ ОДЛУКИ, ИЗВЕШТАИ, ПЛАНОВИ И ПОЛИТИКИ, ПРЕДЛОЖЕНИ ДО СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ЦКБ АД СКОПЈЕ ВО 2020 ГОДИНА

Надзорниот одбор ги одобри и ги предложи до Собранието на акционерите на Банката за усвојување Годишната сметка на ЦКБ АД Скопје со состојба на 31.12.2019 година и финансиските извештаи на Банката за 2019 година, Предлог-одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка во 2019 година, го разгледа и го предложи за усвојување Извештајот на Друштвото за ревизија за извршена равизија на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2019 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор. Надзорниот одбор го достави до Собранието на акционерите на Банката Извештајот за своето работење во 2019 година, заедно со Оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно, како и Годишниот извештај за работењето на ЦКБ АД Скопје во 2019 година, со писмено мислење по истиот од Надзорниот одбор.

## ПОЗНАЧАЈНИ ИЗВЕШТАИ ОДОБРЕНИ ОД СТРАНА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА

Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје во текот на 2020 година ги усвои Деловната политика и Развојниот план, како и Финансискиот план на ЦКБ АД Скопје за 2020 година, ги разгледа: Годишниот извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија на ЦКБ АД Скопје за 2019 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор по истиот, како и полугодишниот, кварталните и месечните извештаи од истата, Полугодишниот и Годишниот извештај за работа на Одборот за ревизија на ЦКБ АД Скопје, со оцена за сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно, Годишниот извештај за работењето на Одборот за управување со ризиците, со оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно, Полугодишниот и Годишниот извештај за сигурноста на информативниот систем и полугодишните извештаи од Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите. Исто така, на седница на Надзорниот одбор беше одобрен и Извештајот за спроведениот попис на средствата и изворите на средства на ЦКБ АД Скопје со состојба на 31.12.2019 година.

- **Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје во 2019 година со Оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно**

Надзорниот одбор на Банката, во март 2020 година, го изготви Годишниот извештај за своето работење во текот на 2019 година со Оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истите ги достави до Собранието на акционерите.

- **Информации во врска со измените во Одлуката за каматните стапки во Банката**

Врз основа на Одлуката за висината на каматните стапки на Централна кооперативна банка АД Скопје Управниот одбор во текот на 2020 година донесе одлуки за измена и дополнување на Одлуката за каматните стапки на Банката. Имено, со движењата на каматните стапки на финансискиот пазар во РСМ во изминатата година беа извршени намалувања на каматните стапки кај некои од банките. Во таа насока се направија корекции на каматните стапки кај некои од депозитните производи на Банката, за што Управниот одбор соодветно го известуваше Надзорниот одбор.

- **Информации во врска со измените во тарифата на Банката**

Врз основа на Одлуката за тарифата на надоместоците за услугите што ги врши Централна кооперативна банка АД Скопје, Управниот одбор донесе одлуки за измени во истата одлука и за тоа редовно го известуваше Надзорниот одбор. Имено, со измените во делот на платниот промет во земјата и со странство, кредитирањето на физички и правни лица, како и картично работење се изврши усогласување на тарифата на Банката со тарифите што ги имаат повеќето деловни банки во РСМ, при што земена е предвид и цената на услугите што ја нуди конкуренцијата на финансискиот пазар во земјата.

- **Информација за воведување промотивни услови на банкарски услуги во ЦКБ АД Скопје**

Согласно со Одлуката за тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Централна кооперативна банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката, во август 2020 година, донесе Одлука за воведување промотивни услови на банкарски услуги од времен карактер, за што достави информација до Надзорниот одбор. Со ваквите измени беа предвидени позитивни ефекти во насока на привлекување нови клиенти пензионери - физички лица и зголемување на клиентската база и приходите на Банката од оваа банкарска активност, како и позиционирање на Банката како конкурентен учесник на пазарот во банкарскиот сектор во земјава.

## ПОЗНАЧАЈНИ ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА

- **Одлуки за одобрување кредити и банкарски гаранции**

Во текот на известувачкиот период Надзорниот одбор донесуваше одлуки за одобрување кредити за физички и правни лица и банкарски гаранции кои не се во надлежност на Управниот одбор.

- **Одлука за свикување Вонредно собрание на акционерите**

На 144 (сто четириесет и четвртата) седница на Надзорниот одбор, одржана на 27.1.2020 година, се донесе Одлука за свикување Вонредно собрание на акционерите, кое се одржа на 28.2.2020 година.

- **Одлука за одобрување на Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија**

На јануарската седница, Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје го одобри Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија. Имено, Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Банката и на нејзините организациски единици. Основна цел на работењето на Службата е да придонесе во остварување на целите на Банката, преку оценување на изложеностите на ризици, оценување на адекватноста и ефективноста на контролите и нивно подобрување, во врска со веродостојноста и интегритетот на финансиските и оперативните информации, ефективноста и ефикасноста на операциите, заштитата на средствата и информациите и усогласеноста со законска и подзаконска регулатива. За остварување на своите цели Службата спроведува редовни и вонредни ревизии, мониторинг-ревизии (follow-up) и други дополнителни активности – консалтинг-услуги во однос на работењето на Банката и воспоставените интерни контроли, обуки итн.

Изготвувањето на Годишниот план е обврска на Службата согласно со член 96, став 1 од Законот за банките, како и согласно со интерната регулаторна рамка на Банката. Методолошки, Годишниот план се заснова на процена на сите ризици во работењето на Банката, по претходна идентификација и оцена на целите, ризиците и контролните активности на Службата.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на кредитниот производ „Пакет за кредитирање пензионери“**

Во јануари 2020 година, Надзорниот одбор ја верифицираше Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на кредитниот производ „Пакет за кредитирање пензионери“, која важеше за сите новопримени апликации, почнувајќи од 1.2.2020 година.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за воведување промотивни услови за кредитниот производ - потрошувачки пакет за кредитирање физички лица „Доверба“**

На јануарската седница, Надзорниот одбор ја верифицираше и Одлуката на Управниот одбор за воведување промотивни услови за кредитниот производ - потрошувачки пакет за кредитирање физички лица „Доверба“, за сите новопримени апликации, почнувајќи од 1.2.2020 година. Притоа, се воведе 4,50% фиксна каматна стапка на годишно ниво за првите две години, за сите вработени во дејноста образование - во сите случаи освен за рефинансирање во Банката; како и за кредитобаратели вработени во други дејности кои аплицираат за кредит кај кој најмалку 70% од износот е наменет за рефинансирање изложености во други банки, финансиски инситуции или друштва и рокот на кредитот е до 95 месеци. Промотивните услови беа важечки од 1.1.2020 година до 31.3.2020 година.

- **Оцена на соодветноста на Љубен Нанов - кандидат за независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Врз основа на Одлуката за издавање на согласности на НБРСМ, а во врска со одредбите од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување на банка, Надзорниот одбор, на седницата одржана во февруари 2020 година, изврши Оцена на соодветноста на Љубен Нанов - кандидат за независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје. Се изврши оцена на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор (поединечна оцена) и оценка на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор заедно со останатите членови (колективна оцена).

- **Одлука за одобрување на неревидираната Годишна сметка на Централна кооперативна банка АД Скопје со состојба 31.12.2019 година**

На февруарската седница на Надзорниот одбор се одобри неревидираната Годишна сметка на Банката со состојба 31.12.2019 година. Банката во 2019 година оствари добивка во износ од 9.837.507,00 денари.

- **Одлука за усвојување Развоен план на Централна кооперативна банка АД Скопје за периодот од 2020 година до 2022 година**

На седницата одржана во февруари 2020 година, Надзорниот одбор го усвои Развојниот план на ЦКБ АД Скопје за периодот од 2020 година до 2022 година. Основните стратегиски цели на Банката се: одржување во групата на средни банки во банкарскиот сектор на РС Македонија, на најефикасен начин да обезбеди висококвалитетни производи и услуги во пресрет на потребите на клиентите и да оствари позитивна стапка на поврат на капиталот и задоволителен принос на акционерите на Банката.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на кредитниот производ „ЦКБ Автомобилски кредит“**

На оваа седница Надзорниот одбор ја верифицираше и Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на кредитниот производ „ЦКБ Автомобилски кредит“. Измени и дополнувања беа направени во делот на каматните услови, задолжителното минимално учество на кредитобарателите и условите за приходите на лицето коешто поднесува барање за кредит.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „ЦКБ Стандарден потрошувачки кредит“**

На седницата одржана во февруари 2020 година, Надзорниот одбор ја верифицираше Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „ЦКБ Стандарден потрошувачки кредит“, за сите новопримени апликации, почнувајќи од 1.3.2020 година. Промени беа извршени во делот на каматните стапки и во условите за обезбедување.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за дополнување на параметрите на кредитниот производ - потрошувачки пакет за кредитирање физички лица „Доверба“**

Надзорниот одбор на истата седница ја верифицираше и Одлуката на Управниот одбор за дополнување на параметрите на кредитниот производ - потрошувачки пакет за кредитирање физички лица „Доверба“, со која се додаде нов дополнителен услов на овој кредитен производ за физички лица.

- **Одлука за одобрување на промена на договорните услови на кредитните изложености на физичките лица - клиенти на Банката**

Согласно со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик на НБРСМ („Сл. Весник на РСМ“ бр.76/20 од 24.3.2020 година) и

Уредбата со законска сила за начинот на промената на договорните услови на кредитните изложености кај банките и штедилниците („Сл. весник на РСМ“ бр.80 од 27.3.2020 година), а со цел полесно надминување и ублажување на негативните ефекти предизвикани од пандемијата со Ковид-19, Надзорниот одбор, на 3.4.2020 година, донесе Одлука за промена на договорните услови на кредитните изложености на физичките лица - клиенти на Банката.

Се одобри промената да се изврши преку јавна Понуда за промена на договорните услови на кредитните изложености на физичките лица - клиенти на Банката, која беше објавена на официјалната веб-страница на Банката. Оваа одлука беше донесена со цел полесно надминување и ублажување на негативните ефекти предизвикани од пандемијата со Ковид-19.

- **Одлука за свикување Годишно собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Согласно со Законот за трговски друштва и Статутот на Банката, Надзорниот одбор, на 28.4.2020 година, донесе Одлука за свикување Годишно собрание на акционерите, кое се одржа на 29.5.2020 година, со почеток во 11:00 часот, во седиштето на Банката.

- **Одлука за одобрување на предлогот на Одборот за ревизија на Банката за назначување на Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје, како друштво за ревизија на ЦКБ АД Скопје за 2020 година**

Во април 2020 година, Надзорниот одбор го одобри предлогот на Одборот за ревизија за назначување на Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје, како друштво за ревизија на ЦКБ АД Скопје за 2020 година. Одлуката се достави до Собранието на акционерите на Банката за нејзино усвојување.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за воведување промотивни услови за кредитниот производ „ЦКБ Стандарден потрошувачки кредит“**

Надзорниот одбор, во април 2020 година, ги верифицираше Одлуките на Управниот одбор за воведување промотивни услови за кредитните производи „ЦКБ Стандарден потрошувачки кредит“, „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“ и „ЦКБ Станбен кредит“. Промотивните услови беа во делот на каматните стапки, провизиите и обезбедувањето на овие кредитни производи за физички лица.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „Бескаматен заем“**

Во мај 2020 година, Надзорниот одбор ја верифицираше Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „Бескаматен заем“. Измените и дополнувањата се направија во насока на понуда на поатрактивен продукт и, воедно, привлекување нови клиенти за Банката.

- **Одлука за назначување заменик-член на Кредитниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Поради престанок на работниот однос на заменик-членот на Кредитниот одбор, раководител на Службата за кредитен ризик и кредитни операции, Надзорниот одбор, во јули 2020 година, донесе Одлука за именување нов заменик-член на Кредитниот одбор, стручен соработник за кредитна анализа за клиенти во Дирекцијата за анализа и управување со кредитниот ризик.

- **Одлука за воведување нов производ World Debit Mastercard дебитна картичка за физички лица**

Во јули 2020 година, Надзорниот одбор го одобри предлогот на Управниот одбор за воведување нов производ World Debit Mastercard дебитна картичка за физички лица. Истата претставува дебитна безконтактна картичка за физички лица, која се користи во Република Северна Македонија и во

странство, каде е означено логото на Mastercard и/или логото за бесконтактно плаќање, за подигнување готовина и плаќање во трговија.

- **Одлука за дополнување на Одлуката за тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Централна кооперативна банка АД Скопје**

Поради воведувањето на горенаведениот нов производ, Надзорниот одбор донесе Одлука за дополнување на Одлуката за тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Банката.

- **Одлука за отворање организациски дел - посебен шалтер при експозитура Стадион на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Во септември 2020 година, од страна на Надзорниот одбор беше донесена Одлука за отворање организациски дел - посебен шалтер при експозитурата Стадион на ЦКБ АД Скопје, во деловните простории сопственост на Друштвото за производство, трговија и услуги Супер Ауто Контрол ДООЕЛ увоз-извоз, с. Кучевиште, Чучер Сандево. Одлуката е донесена согласно со реализацијата на стратегијата на Банката во насока на проширување на деловната мрежа со цел успешно и ефикасно извршување на финансиските активности.

- **Одлука за назначување лице за контакт со инвеститорите на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Во октомври 2020 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за назначување лице за контакт со инвеститорите на Централна кооперативна банка АД Скопје, согласно со измените и дополнувањата на Правилата за котација на Македонска берза.

- **Одлука за прекин со работа на организациски дел - посебен шалтер при експозитура Стадион на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Со Одлука на Надзорниот одбор, донесена во октомври 2020 година, се одобри прекин со работењето на организациски дел - посебен шалтер при експозитурата Стадион на ЦКБ АД Скопје, лоциран во деловните простории сопственост на Стопанска интересна заедница за патен транспорт „“Македонија сообраќај“, Америт - Скопје, со адреса на улица 1506 бр. 22, Скопје, во насока на рационализирање на трошоците и зголемување на ефикасноста на работењето на Банката, а согласно со резулатите од работењето на посебниот шалтер.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ - Потрошувачки пакет за кредитирање физички лица „Доверба“**

Во октомври 2020 година, Надзорниот одбор ја верифицираше Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ - Потрошувачки пакет за кредитирање физички лица „Доверба“, за сите новопримени апликации, почнувајќи од 1.11.2020 година. Одлуката беше донесена со цел понуда на поатрактивен производ на пазарот.

- **Одлука за именување ревизор во Службата за внатрешна ревизија на ЦКБ АД Скопје**

Поради престанок на работниот однос на вработен во Службата за внатрешна ревизија на Банката, врз основа на член 89, став 3, точка 6 од Законот за банките, како и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работите и работните задачи со опис и спецификација на работните места во Централна кооперативна банка АД Скопје, Надзорниот одбор во декември 2020 година, донесе Одлука за именување нов ревизор во Службата за внатрешна ревизија, со права, обврски, задолженија и одговорности согласно со наведениот правилник, Статутот и останатите интерни акти на Банката со кои се регулира оваа област.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“ и воведување промотивни услови**

Во декември 2020 година, Надзорниот одбор ја верифицираше Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“ и воведување промотивни услови, за сите апликации внесени од јануари 2021 година. Одлукава се донесе со цел обезбедување висококвалитетни производи и услуги во пресрет на потребите на клиентите.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „ЦКБ Станбен кредит“ и воведување промотивни услови**

Повторно во насока на понуда на поатрактивни производи и привлекување нови клиенти, во декември 2020 година, од страна на Надзорниот одбор се донесе Одлука за верификација на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „ЦКБ Станбен кредит“ и воведување промотивни услови, за сите нови апликации од јануари 2021 година.

## ПОЗНАЧАЈНИ ПОЛИТИКИ ДОНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА

- **Политика за управување со ликвидносниот ризик на ЦКБ АД Скопје**

Заради овозможување непречено тековно работење на Централна кооперативна банка АД Скопје, како и овозможување на зголемување на обемот на активности, потребно е одржување на стабилна ликвидносна позиција. Ова значи неопходност од обезбедување потребни парични средства со кои ќе се овозможи измирување на достасаните обврски на Банката во редовни или вонредни услови на работење. Одржување на потребната ликвидност претставува трошок во форма на изгубен приход којшто Банката би го остварила со ангажирање на овие средства во профитабилни пласмани. Од друга страна, доколку тековните потреби не се покриваат доволно со ликвидни средства, надоместување на недостатокот најчесто се врши од дополнителни финансиски извори, што вообичаено претставува повисоки трошоци. Оттука произлегува заклучокот дека активна политика на управување со ликвидноста е еден од приоритетите на Банката.

На својата 144 (сто четириесет и четврта) седница, одржана во јануари 2020 година Надзорниот одбор донесе Одлука за усвојување ревидирана Политика за управување со ликвидносниот ризик, заради усогласување на работењето на Банката со Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл.весник на РСМ“ бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за процесот на утврдување на интерната ликвидност на ЦКБ АД Скопје**

Согласно со Одлуката за методологијата за управување со ризиците, Банката воспоставува процес на интерно утврдување и оцена на потребната ликвидност. Со процесот на утврдување на интерната ликвидност, Банката врши процена на тековните и идните потреби на ликвидни средства и стабилни извори на средства заради покривање на ризиците врз ликвидноста на Банката во нормални и вонредни услови на работење. Интерната ликвидност треба да ѝ овозможи на Банката непречено исполнување на своите обврски во рокот на нивното достасување и покривање на потребите за ликвидност во нормални и вонредни услови на работење.

На истата седница Надзорниот одбор ја усвои Политиката за процесот за утврдување на интерната ликвидност на ЦКБ АД Скопје. Истата се усвои со цел усогласување на работењето на Банката со Одлуката за методологија за управување со ризиците („Службен весник на РСМ“ бр. 113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

- **Стратегија за преземање и управување со ризици**

Успешното управување со ризиците претставува еден од основните предуслови за успешно работење на секоја банка. Токму затоа, современиот концепт на банкарско работење се темели на адекватен пристап кон ризикот како универзална категорија, односно управувањето со ризици не претставува избегнување на ризикот, туку негова идентификација, управување со ризикот, како и одржување прифатливо ниво на ризик.

Целта на Стратегијата за преземање и управување со ризици е да ја дефинира рамката со која се определува склоноста за преземање ризик за определени видови ризик за правовремено утврдување на промена во профилот на ризичност на Банката, како и давање основни насоки во управувањето со ризиците и дефинирање прифатливо ниво на ризик.

Надзорниот одбор, во јануари 2020 година, исто така, ја усвои и ревидираната Стратегија за преземање и управување со ризици на ЦКБ АД Скопје, заедно со Документ за прифатливо ниво на ризик. Истата е ревидирана заради усогласување на Банката со Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл.весник на РСМ" бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за користење услуги од надворешни лица на Централна кооперативна банка АД Скопје**

При вршењето на финансиските активности и деловните процеси, Централна кооперативна банка АД Скопје користи услуги од надворешни лица – добавувачи на услуги, сервиси, производи и др. Од користењето на овие услуги од надворешни лица произлегуваат ризици по работењето на Банката. Со Политиката за користење услуги од надворешни лица се поставуваат основните принципи и насоки за управување со овие ризици.

На 145 (сто четириесет и петтата) седница на Надзорниот одбор, одржана во февруари 2020 година, се донесе Одлука за усвојување ревидирана Политика за користење услуги од надворешни лица на ЦКБ АД Скопје, со што престана да важи истоимената Политика од март 2019 година. Наведената Политика се ревидираше заради усогласување на Банката со Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ" бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за идентификување и следење поврзани лица**

Предмет на Политиката за идентификување и следење на поврзаните лица и лицата поврзани со Банката е уредување на начинот на утврдување на поврзаните лица и лицата поврзани со Банката и воспоставување соодветни системи за следење на поврзаните лица за потребите на работењето на Банката.

Со цел соодветно управување со ризикот од концентрација при извршување на своите активности, Банката ќе врши идентификување на клиентите (домашни или странски правни и физички лица) и лицата поврзани со нив согласно со оваа политика. Преку нејзина конзистентна примена може навремено да ги идентификува и да ги следи изложеностите кон клиентите и со нив поврзаните лица, со што влијае на намалување на изложеноста на одделните видови ризици преку нивна диверзификација.

На февруарската седница, Надзорниот одбор ја оцени како соодветна за нареден период Политиката за идентификување и следење поврзани лица на Банката. Имено, во периодот од последното ревидирање во март 2019 година до февруари 2020 година немаше измени во законската регулатива со која истата се регулира. Поради тоа Надзорниот одбор ја оцени како адекватна за нареден период.

Заради усогласување на Банката со Одлуката за начинот на утврдување на поврзани лица и за лимитите на изложеноста, донесена од страна на НБРСМ („Сл.весник на РСМ" бр.198/2020), Надзорниот одбор, во декември 2020 година, донесе Одлука за усвојување на ревидираната Политика за утврдување поврзани лица и лимити на изложеност на ЦКБ АД Скопје.

- **Политика за управување со правниот ризик**

Политиката за управување со правниот ризик претставува интерен акт на Банката, со кој се даваат основните цели и насоки на нејзиното дејствување на полето на идентификација, оцена, следење, контрола и управување со правниот ризик на кој е изложена Банката при вршењето на своите активности, со цел спречување или минимизирање на можноста за појава на загуби или намалување на вредноста на имотот или акционерскиот капитал на Банката.

Правен ризик претставува тековен или иден ризик врз добивката и сопствените средства на Банката, предизвикан од прекршувања или непочитувања на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички стандарди, или како последица на погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и други правни документи.

Надзорниот одбор, во февруари 2020 година, ја усвои ревидираната Политика за управување со правниот ризик заради усогласување на Банката со Анекс бр.6 од Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ" бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за управување со ризикот од концентрација на изложеност**

Ризик од концентрација на изложеноста претставува ризик од загуба којшто произлегува од директна или индиректна изложеност на Банката кон лице, дејност, географска локација, инструмент, пазар и слично. Процесот на идентификување, мерење, следење и заштита од ризикот од концентрација на изложеност на Банката се спроведува преку почитување на интерните акти на Банката, воспоставена соодветна организациска структура, контрола од страна на лицето за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, како и воспоставување соодветни интерни лимити согласно со деловната политика и финансискиот план на Банката.

Предмет на Политиката за управување со ризикот од концентрација на изложеност е навремено идентификување, мерење, следење и контрола на ризикот од концентрација на изложеност, со цел навремено преземање мерки за елиминирање на факторите кои влијаат на настанување на ризикот од концентрација на изложеност на Банката.

Политиката за управување со ризикот од концентрација на изложеност на ЦКБ АД Скопје беше усвоена од страна на Надзорниот одбор во февруари 2020 година, заради усогласување на Банката со Анекс бр.1 од Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ" бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за утврдување на интерниот капитал на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Во март 2020 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за усвојување на ревидираната Политика за утврдување на интерниот капитал на ЦКБ АД Скопје заради усогласување на Банката со Анекс 8 од Одлуката за методологија за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ" бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за управување со пазарен ризик на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Во март 2020 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за усвојување на ревидираната Политика за управување со пазарен ризик на Банката заради усогласување со Анекс бр. 7 од Одлуката за методологија за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ" бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за сигурност на информативниот систем**

Со Политиката за сигурност на информативниот систем се поставуваат темелните цели и начела за воспоставување сигурност на информативниот систем на Банката, со цел заштита од најразлични закани (компјутерски измами, шпионажа, напади од дигитален простор, компјутерски вируси, поплави, пожари, земјотреси и сл.), како и заради обезбедување деловен континуитет, минимизирање штети, максимален поврат на инвестиции, законска усогласенот и подобрување на имиџот.

Во април 2020 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за усвојување на ревидираната Политика за сигурност на информативниот систем на ЦКБ АД Скопје. Истата беше ревидирана заради усогласување на Банката со Одлуката за методологијата за сигурност на информативен систем на банката („Сл. весник на РСМ“ бр.78/18), донесена на 26.4.2018 година, а која се применува од 1.1.2019 година.

- **Политика за управување со репутацискиот ризик**

Политиката за управување со репутацискиот ризик претставува интерен акт на Банката, со кој се даваат основните цели и насоки на нејзиното дејствување на полето на идентификација, оцена, следење, контрола и управување со репутацискиот ризик на кој Банката е изложена при вршењето на своите активности.

Во април 2020 година, Надзорниот одбор ја усвои и ревидираната Политика за управување со репутацискиот ризик на ЦКБ АД Скопје. Истата е ревидирана заради усогласување на Банката со Анекс бр. 5 од Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ“ бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за управување со стратегискиот ризик**

Стратегискиот ризик претставува потенцијална загуба која може да се појави како резултат на: спроведување неефективна деловна стратегија, отсуство на интегрирана деловна стратегија, неможност и неспособност за интегрирање на стратегијата, неможност и неспособност Банката да ја приспособи стратегијата на промените кои настануваат во деловното опкружување.

Во април 2020 година, Надзорниот одбор ја усвои и ревидираната Политика за управување со стратегискиот ризик на ЦКБ АД Скопје, која се ревидираше заради усогласување на Банката со Анекс бр. 4 од Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ“ бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки**

Банката е изложена на ризик од промена на каматните стапки и ризик од рочна неусогласеност на каматночувствителните активни и пасивни позиции како резултат на неповолните промени на каматните стапки и разликите во рочноста. Банката, исто така, е изложена на основниот ризик од каматни стапки, кој произлегува од различниот начин на менување на променливите каматни стапки, како што се каматните стапки на активата и пасивата, како и промената на одредени референтни каматни стапки (ЛИБОР, СКИБОР). Активностите за управување со ризикот се насочени кон оптимизирање на нето-приходите од камати со разни пазарни стапки кои се конзистентни со деловните стратегии на Банката.

Во мај 2020 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за усвојување на ревидираната Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки на ЦКБ АД Скопје. Истата беше ревидирана заради усогласување на Банката со Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ“ бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за управување со валутниот ризик**

Валутниот ризик се манифестира како можност или веројатност од појава на позитивни или негативни ефекти во работењето, што директно се условени од промените на интервалутарните вредности на валутите. Политиката за управување со валутниот ризик претставува интерен акт на Банката, со кој се даваат основните цели и насоки на нејзиното дејствување на полето на идентификација, оцена, следење, контрола и управување со валутниот ризик на кој е изложена Банката при вршењето на своите активности, со цел спречување или минимизирање на можноста за појава на загуби или намалување на вредноста на имотот или акционерскиот капитал на Банката.

Во мај 2020 година, Надзорниот одбор ја усвои и Политиката за управување со валутниот ризик на ЦКБ АД Скопје, која беше ревидирана заради усогласување на Банката со Одлуката за

методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ“ бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

- **Политика за управување со оперативниот ризик**

Политиката за управување со оперативниот ризик ги објаснува системите преку кои се идентификуваат, контролираат, управуваат и ублажуваат материјалните и нематеријални ризици предизвикувачи на оперативните ризици во рамките на Банката. Политиката, исто така, го содржи системот на известување и управување со оперативниот ризик. Банката не може да ги елиминира сите оперативни ризици, но мора да се стреми да ги минимизира преку адекватен систем за управување, и каде е можно, да ги спречува или трансферира ризиците со користење на најдобрите средства што ѝ стојат на располагање.

Во периодот од последното ревидирање на Политиката за управување со оперативниот ризик на ЦКБ АД Скопје, односно од 25.11.2019 година до 29.6.2020 година немаше измени во законската регулатива со која се регулира управувањето со ризикот од земја. Поради тоа Надзорниот одбор истата ја оцени како адекватна за нареден период.

- **Политика за управување со ризикот од земја**

Банката со своето учество во меѓународните финансиски активности надвор од границите на земјата е изложена не само на вообичаениот кредитен ризик, туку и на ризик од земја. Ризикот од земја е примарен фактор кој го разграничува меѓународното од домашното кредитирање. Тој ги вклучува сите неодредености кои произлегуваат од економските, социјалните и политичките услови на земјата, а кои можат да влијаат зајмувачите во таа земја да не се во можност или да не можат во целост да ги исполнат нивните надворешни обврски.

Во јуни 2020 година, Надзорниот одбор ја оцени како соодветна за нареден период и Политиката за управување со ризикот од земја, бидејќи во периодот од последното ревидирање на истата, односно од 16.12.2019 година до 29.6.2020 година немаше измени во законската регулатива со која се регулира управувањето со ризикот од земја.

- **Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам**

На својата 146 (сто четириесет и шеста) седница, одржана на 29.7.2020 година, преку видеоконференциска врска, Надзорниот одбор ја усвои ревидираната Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам на Централна кооперативна банка АД Скопје.

Имено, согласно со Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам и Одлуката за методологија за управување со ризикот од перење пари и финансирање тероризам Банката е должна најмалку еднаш годишно да изготви Извештај за агрегатно ниво на ризик од перење пари и финансирање тероризам и да го достави до Надзорниот одбор. Потребно е Банката заклучоците од спроведената процена на ризик и начин на управување со ризикот од перење пари и финансирање тероризам утврдени во Извештајот, да ги имплементира во Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам. Од тие причини, со податоци од 31.12.2019 година, Банката ги изготви Извештајот и заклучоците од извршената процена на ризик ги имплементира во ревидираната Програма.

- **Политика за управување со кредитниот ризик**

Целта на Политиката за управување со кредитниот ризик е воспоставување систем за управување со кредитен ризик на Банката, кој подразбира воспоставување правила за управување со ризикот, ефикасен информативен систем, јасно дефинирани надлежности во рамките на организациската структура на Банката во однос на управување со ризикот и соодветен систем на внатрешна контрола и ревизија.

На седницата одржана во јули 2020 година, беше усвоена и ревидираната Политика за управување со кредитниот ризик на ЦКБ АД Скопје, а заради усогласување на Банката со Анекс бр. 3 од Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Сл. весник на РСМ“ бр.113/2019), донесена на 3.6.2019 година, а која се применува од 31.12.2019 година.

**Претседател,**
**г. Тихомир Атанасов с.р.**